ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**СООПШТЕНИЕ**
**ОКТА објавува конкурс за практикантска работа во соработка со Економски факултет – Скопје**

<u>Услови за аплицирање:</u>

1. Студентот да биде 3-та или 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има солидно познавање на Англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на компјутерски вештини - Microsoft Office.

<u>Времетраење на пракса:</u>

Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во Секторот за Административни услуги, во временски период од 3 месеци, со полно работно време. Праксата ќе започне на 16.08.2021 година.

<u>Обврска на практикантот:</u>

- да достави потполнет документ за упатување на пракса од факултетот испечатен на официјалниот меморандум од факултетот и заверен со потпис и печат од студентската служба.
- континуирано да води дневник за текот на праксата.
- задолжителна редовност во компанијата за периодот на пракса.

<u>Обврска на компанијата:</u>

- да му обезбеди ментор на практикантот.
- да му обезбеди храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата.
- да му издаде потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број.

<u>Цели на праксата</u>

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под директно менторство на менаџерот за административни услуги, истовремено асистирајќи во повеќе сфери на работа.
  Административни услуги е сектор под дирекција за финансии и администрација, и ги опфаќа следниве активности - архива, транспорт, осигурување и останати административни услуги. Практикантот ќе има директна можност за зголемување на своето знаење од аспект на напреден Microsoft Excel, напреден англиски јазик и деловна комуникација.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт okta_career@helpe.gr.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју во просториите на ОКТА, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.

Огласот е отворен најдоцна до 09.08.2021 год.